**2010056998**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 77-а од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07 и 86/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА И ОДОБРЕНИЈАТА ЗА ПРЕВОЗ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРИ УВОЗ, ЗА ПРЕВОЗ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРИ ИЗВОЗ, ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ (ТРАНСФЕР) НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРИ УВОЗ, ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ (ТРАНСФЕР) НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРИ ИЗВОЗ, ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ (ТРАНСФЕР) НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРИ ТРАНЗИТ И ЗА ПРЕВОЗ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРИ ТРАНЗИТ ШТО СЕ ИЗДАВААТ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Член 1

Во Правилникот за обрасците на барањата и одобренијата за превоз на оружје и муниција при увоз, за превоз на оружје и муниција при извоз, за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз, за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при извоз, за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при транзит и за превоз на оружје и муниција при транзит што се издаваат по електронски пат („Службен весник на Република Македонија“ број 94/09), Обрасците број 2, 4, 6, 8, 10 и 12, се заменуваат со нови Обрасци број 2, 4, 6, 8, 10 и 12, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 141-22252/1
16 април 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.